# И Н Ф О-К О Ч А Н И

МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## ДЕКЕМВРИ 2024 г.





**Општина Кочани го одбележа 3 Декември – Денот на лицата со попреченост**

Општина Кочани, во соработка со локални институции и граѓански здруженија, го одбележа 3 Декември – Денот на лицата со попреченост.

По тој повод во ЈОУ Библиотека „Искра“ беше организирана средба со членови на Спортската асоцијација „Бочија“ – клуб „Зоја“ од Кочани, пред кои, ученици од ОУ „Никола Карев“ под менторство на Анкица Манасиева ја прикажаа драмската адаптација на текстот на Ана Дедова „Непослушната Свиленка“.

Нагласувајќи ја потребата од промена на перспективите кон попреченоста, градоначалникот Љупчо Папазов на лицата со попреченост им врачи подароци, а на СОУ „Гошо Викентиев“ му го додели ваучерот од собраните средства од минатогодишната хуманитарна акција за набавка на скалишно помагало во ова училиште.

Градоначалникот го посети и Дневниот центар за лица со попреченост, работна единица на Центарот за социјални работи во Кочани, каде што присуствуваше на работилницата што ја одржуваа претставници од Општинската организација на Црвен крст со лицата со интелектуална попреченост згрижени во овој центар.

**3 Декември – Денот на лицата со попреченост одбележан во ОУ „Малина Попиванова“**

ОУ „Малина Попиванова“, во соработка со Општина Кочани, Друштвото за управување со отпад „Нула отпад“, со интернет-страницата „Los bandidos.DIY“ и Ротари клубот Кочани-Виница го одбележаа 3 Декември – Денот на лицата со попреченост.

| | |
|---|---|
| <br> | Тимот наставници од ОУ „Малина Попиванова“ којшто работи со учениците со попреченост, приреди изложба на новогодишни сувенири изработени од електронски отпад, подготвена од кочанската креативка Наталија. Целта е да се подигне колективната еколошка свест за важноста на рециклирањето и да се развие креативноста кај младата популација.<br><br>Изложбата на „Los bandidos.DIY“ беше придружена со новогодишни изработки на учениците, наменети за продажба. Собраните средства ќе бидат наменети за опремување на училишната ресурсна соба за престој и работа на учениците со попреченост.<br><br>На настанот по повод Светскиот ден на лицата со попреченост беа изложени најуспешните цртежи и интерпретирани најдобрите литературни творби од распишаниот училиштен конкурс. |
| <br> | **Подготовки за Новогодишниот базар и за дочекот на Нова година во Градскиот парк во Кочани**<br><br>Општина Кочани и „Пролет бар“, како избран организатор на јавно наддавање, ги започнаа подготовките за организирање на Новогодишниот базар, настан што во пресрет на Новата година се одржува во Градскиот парк.<br><br>Покрај настапите на повеќе естрадни уметници и тематски забави планирани во периодот од 20 декември 2024 до 14 јануари 2025 година, Општина Кочани ќе организира и дочек на Новата година во Градскиот парк.<br><br>Музички настан ќе се организира и по повод божиќните празници. |
| <br> | **Трибина во Кочани во рамките на кампањата „16 дена активизам против родово базирано и семејно насилство“**<br><br>Во рамките на проектот и програмата за економско јакнење на жените, на 7 декември во Кочани се одржа предавање „Гласот и учеството на жените и младите во креирање јавни политики и овозможувачка средина за граѓанско учество“, а темата беше препознавање и заштита од семејно и родово базирано насилство. Настанот е дел од кампањата „16 дена активизам против родово базирано и семејно насилство“, како партнерски проект за активно учество на жените на пазарот на труд преку организирање бесплатни курсеви за зголемување на можностите и потенцијалите на жените за вработување и самовработување. |

Носител на активноста е Женската граѓанска иницијатива „Антико“ – Скопје со проектните партнери – Здружението за мултикултурна афирмација и едукација на жените и младите во руралните средини „Секогаш соживот“ од прилепското село Канатларци и Здружението за образование и култура „Адрион“ од Желино, во соработка со Општина Кочани.

Во рамки на проектните активности се работи на зголемување на пристапот на жените до едукација и образование преку професионални повеќемесечни курсеви, односно обуки за развивање вештини и компетенции што ќе овозможат тие да бидат поконкурентни на пазарот на труд. Курсевите во Кочани главно беа за фризерски услуги и веќе се завршени, а наскоро ќе им бидат доделени сертификатите на учесничките.

Проектот е поддржан од Швајцарската влада преку Цивика мобилитас.





**Академијата за роботика и иновации обезбеди донации за три кочански училишта**

На 10 декември во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ во Кочани, Академијата за роботика и иновации додели донации на три кочански училишта.

Основните училишта „Свети Кирил и Методиј“ и „Никола Карев“ и СОУ „Гошо Викентиев“ добија модели од најновата генерација лего-роботи, како обезбедено спонзорство од корпорацијата Бехтел.

На училишната церемонија беше истакната континуиранaта потреба од млади инженери, чија професионална ориентација е неопходно да биде потпомогната уште во образовните почетоци, со конкретни материјали за работа, какви што се и донираните.

Соработката на Општина Кочани со Академијата за роботика и иновации се заснова на потпишаниот Меморандум за соработка, којшто ја одразува заедничката визија за иднината на младите, за креативно и иновативно општество во коешто тие се двигатели на позитивни промени и на економски раст.

**Редовен годишен состанок на Советот на засегнати страни на Заштитениот предел „Осоговски Планини“**

Телото за управување со Заштитениот предел „Осоговски Планини“ на 11 декември 2024 год. во Кочани одржа





состанок со Советот на засегнати страни на Заштитениот предел „Осоговски Планини“.

Состанокот го отвори претседателот на Советот на засегнати страни Сашо Стоименов, по што Маре Басова укажа на важноста на вклучувањето на членовите на Советот на засегнати страни во планирањето и реализацијата на планираните активности во Заштитениот предел „Осоговски Планини“.

Членовите на Телото за управување на Заштитениот предел пред присутните ги презентираа реализираните активности во 2024 год., кои беа предвидени во Годишниот план за управување со Заштитениот предел како и во Планот за управување. Претставниците од Советот на засегнати страни ја истакнаа поддршката и задоволството за успешноста на реализираните активности.

На крајот на овој продуктивен состанок се донесе заклучок за продолжување на заедничката соработка помеѓу Советот на засегнати страни и Телото за управување со што ќе се придонесе за поефективно решавање на тековните проблеми кои се јавуваат во рамките на границите на Заштитениот предел „Осоговски Планини“.







**Заврши конзервацијата и реставрацијата на Споменикот на слободата во Кочани**

Општина Кочани беше домаќин на амбасадорката на САД Анџела Агелер и на министерот за култура Зоран Љутков, кои со членови на семејствата Чемерски и Рафеновиќ и други гости присуствуваа на завршницата на реставрацијата и конзервацијата на Споменикот на слободата во Кочани.

Амбасадорката Агелер го истакна задоволството од завршените работи, реализирани со финансиски грант од 245 илјади американски долари од амбасадорскиот фонд на САД.

– Задоволство е што можеме да го поддржиме зачувувањето на културата и сите граѓани да можат да го посетат ова богато културно наследство. Оваа земја има огромен број скапоцени историски богатства и тоа е одлична можност за народот на Соединетите Држави да помогне, бидејќи во тешки економски времиња понекогаш е тешко да се даде приоритет на вакви проекти – изјави амбасадорката Агелер.

– Посебно ми е драго што имаме едно одлично пријателство со Соединетите Американски Држави

| | |
|---|---|
| <br> | коишто се наши стратешки партнери и во делот на политиката и во делот на економијата, но посебно ми е драго што се наши блиски партнери во делот на културата и што заедно заживуваме повторно вакви значајни споменици – истакна министерот за култура Зоран Љутков.<br><br>Упатувајќи благодарност за поддршката на реконструкцијата и заштитата на Споменикот, градоначалникот Љупчо Папазов нагласи дека приоритет во иднина ќе биде тој да се зачува од атмосферските влијанија, но и од вандалското однесување на поединци.<br><br>– Времето во кое е граден овој споменик, амбициите со кои е пристапено во реализацијата на мозаикот од 330 метри квадратни, како сериозен уметнички и архитектонски предизвик, е обврска да се грижиме добро за ова културно наследство заради тоа што зборува за историјата на македонскиот народ, заради тоа што е влезен во Регистарот на споменици на културата заштитени со закон. Сакаме да го оживееме со поголем број настани, со поголем број луѓе присутни на овие простори, во исто време да обезбедиме физичко обезбедување и видеонадзор. Осветлувањето е веќе завршено и очекувам дека граѓаните, пред сè, ќе го чувствуваат како свој простор и ќе учествуваат во грижата за зачувувањето на ова културно-историско наследство, истакна Папазов.<br><br>Со реставраторските работи се обновени близу 80 проценти од Споменикот кој имаше сериозни оштетувања на мозаичките фризови, но и на целата архитектура во амфитеатралниот дел и во околниот простор. Техничките работи од проектот ги изведе компанијата „Исток мермер“, а конзерваторско-реставраторските работи на мозаичките фризови – петчлен стручен тим под раководство на уметникот Владимир Симеонов. |
|  | **Дочек на Нова година во Градскиот парк во Кочани со Наташа Малинкова, Habana Brezze Bend и DJ Sandex**<br><br>Општина Кочани организира дочек на Новата 2025 година во Градскиот парк во Кочани.<br><br>Присутните ќе ги забавуваат Наташа Малинкова, Habana Brezze Bend и DJ Sandex.<br><br>Празничните денови ќе бидат збогатени и со Новогодишниот базар, како и со забави во периодот од 20 декември 2024 до 14 јануари 2025 година, а музички настан ќе се одржи и по повод божиќните празници. |
| | **Се одржа јавна расправа за Проектот за** |









**воспоставување регионален систем за управување со отпадот во ИПР**

На 14 декември, во салата на Мултикултурниот центар во Кочани се одржа јавна расправа за Проектот за воспоставување регионален систем за управување со отпад во Источниот Плански Регион, проект од програмата ИПА 2.

На јавната расправа присуствуваа градоначалникот Љупчо Папазов, пратеникот Миле Лефков и претставници од четири институции: Општина Кочани, КЈП „Водовод“, МВР и од Центарот за социјални работи – Кочани.

Отсуствуваа претставници од Министерството за животна средина, поради што дел од присутните граѓани уште на самиот почеток го напуштија настанот.

По дискусијата за досегашното и натамошното функционирање на Градската депонија во Кочани, единствен е ставот дека таа треба да се затвори.

Претстојниов период МВР – Одделение за внатрешни работи – Кочани ќе ја даде својата поддршка во зачестено патролирање, Центарот за социјални работи преку Министерството за социјални работи има насоки за постапување при евентуална појава на малолетници на ѓубриштето, а КЈП „Водовод“ ќе работи според проектните протоколи за транспорт и третман на отпадот.

Општина Кочани стои зад барањата на граѓаните, коишто ги поддржува и Владата, со цел да се оди во правец на конечна реализација на Проектот за воспоставување регионален систем за управување со отпад во ИПР, односно за затворање на депонијата во Кочани и отворање на регионална депонија во Мечкуевци, Светиниколско.

Наредниот период Општина Кочани ќе направи напори да обезбеди средба на граѓаните на Кочани со претставници од Министерството за животна средина.



**Нови садници во Прокарка, обновување на дрворедите во градот**

Надлежните служби од Општина Кочани озеленија дел од јавните површини.

Сто и дваесет садници од чемпрес, јасен и јавор се засадени во месноста Прокарка и над Градскиот базен, а се обновени и испразнетите места во дрворедите на улици во градот.

Хортикултурното уредување и озеленување на јавните

| | |
|---|---|
| | површини се реализира со средства од Буџетот на Општина Кочани, според програмските активности за заштита на животната средина.<br><br>Комуналните инспекциски служби од Општина Кочани апелираат за совесно и одговорно однесување кон новите садници, дрвјата и воопшто кон зелените површини. |
| <br><br> | **„Екопроект – КО“ им подари новогодишни пакетчиња на основците од Подлог и најави нов проект за селектирање отпад во Кочани**<br><br>Традиционално, на празникот Свети Никола, општествено одговорната компанија „Екопроект – КО“ на учениците од Подрачното основно училиште „Св. Кирил и Методиј“ во Подлог им додели новогодишни пакетчиња. Претставниците на компанијата, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов и директорката на КЈП „Водовод“ Кристина Финдачка, беа пречекани во предновогодишен амбиент и поздравени со училишна приредба.<br><br>Команијата „Екопроект – КО“ го најави почетокот на проектот „Со граѓаните за граѓаните“, со кој ќе се селектира и ќе се собира отпадот од пакување.<br><br>Со овој проект отпадната амбалажа од пластика и хартија ќе се селектира и ќе се собира од страна на граѓаните од улиците „Скопска“ и „Охридска“, кои за таа цел ќе добијат садови за селекција. Едновремено, на неколку локации на јавни површини ќе бидат поставени контејнери за пластика и за хартија.<br><br>– Проектот е по наша иницијатива, во соработка со Општина Кочани и КЈП „Водовод“ и со поддршка од Министерството за животна средина, а целта е да го намалиме загадувањето на животната средина, но и да влијаеме на подигањето на јавната свест за значењето на селекцијата на отпадот – истакна Билјана Митева од „Екопроект – КО“.<br><br>Од тримесечниот пилот-период ќе се направат анализи со коишто ќе се утврди успешноста на проектот и ќе ги определат следните правци за дејствување. |
|  | **30 студенти ќе користат стипендија од Општина Кочани**<br><br>Општина Кочани ја објави одлуката за доделени стипендии на студенти за академската 2024/2025 година.<br><br>Од пријавените 33, стипендии ќе користат 30 студенти. |

| | |
|---|---|
| | Двајца ги повлекле пријавите пред донесувањето на одлуката, а една пријава поднел студент на приватен факултет.<br><br>Наредниов период студентите ќе ги потпишат договорите со Општина Кочани за стипендијата што ќе ја добиваат десет месеци, со месечен износ од 3.500 денари. |
|  | **Соопштение за Градската депонија во Кочани**<br><br>Во интерес на заштитата на животната средина и за подобрување на условите за живот на граѓаните, Општина Кочани останува на заложбата за реализација на проектот за воспоставување регионален систем за управување со депониите во Источниот Плански Регион, со крајна цел – изградба на депонија во Свети Николе, а со тоа и конечно затворање на депонијата во Кочани.<br><br>Во таа насока, изминатиов период:<br>– Формирано е Надзорно тело за вршење мониторинг и давање поддршка при реализација на Програмата за јавна чистота и третман на отпад;<br>– Преземени се чекори за утврдување надомест за одлагањето на отпадот од соседните општини;<br>– Упатено е барање до Министерството за животна средина за финансиска поддршка во одржувањето на депонијата, со избор на економски оператор и поддршка со механизација;<br>– Во тек е јавна набавка од страна на Општина Кочани за избор на економски оператор за редовно одржување на депонијата;<br>– Воспоставена е интензивна соработка со МВР. КЈП „Водовод“ добива континуирана поддршка во контролирањето на пристапот до депонијата и се преземаат активности против лица кои изминатата седмица неовластено влегуваа во Градската депонија;<br>– Во согласност со европскиот проект, Министерството за животна средина поднесе урбанистичко-проектна документација за издавање одобрение за затворање на Градската депонија во Кочани.<br><br>Покрај тоа, со поставената стражарска служба и со видеонадзорот се врши континуирана контрола на возилата и на начинот на кој се депонира отпадот на Градската депонија.<br><br>Со механизација на операторот за одржување на Градската депонија и со механизацијата со која располага КЈП „Водовод“, се врши редовен дотур на земја која правилно се распоредува по површината на депонијата со што се создаваат услови за примање на новопристигнатиот отпад. |

<table>
<tr><td></td><td>Сите овие аргументи, заедно со претходно извршениот природен третман на депонијата против запалување, се основа за водење на активностите во правец на реализација на крајните цели на проектот за воспоставување отпад – затворање на депонијата во Кочани и изградба на регионална депонија во Мечкувеци.</td></tr>
<tr><td><br><br></td><td>Промовирана книгата „Прилози кон животот и дејноста на Малина Попиванова“ од авторите Георги Ајановски и Доне Донев<br><br>Научно-истражувачкиот труд посветен на истакнатата македонска револуционерка родена во Кочани, Малина Попиванова, подготвен од авторите Георги Ајановски и Доне Донев, на 23 декември беше промовиран во ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани.<br><br>Делото го промовираше проф. д-р Виолета Ачкоска, која го истакна сликовитиот начин на кој авторите го прикажале животот на членовите од семејството Попиванови, кои трагајќи низ сувопарните историски факти и документи и собирајќи зрно по зрно од штурите сеќавања на сведоците, ја доловиле човечката димензија, судбината на поединецот одредена од дадените околности и политичките пресврти на епохата.<br><br>Публицистичкиот труд на Доне Донев, дополнет со новинарски истражувања на Ајановски во поранешниот Советски Сојуз е драгоцен сублимат за сѐ она што македонската историографија го има утврдено за семејството Попиванови, беше истакнато во писменото обраќање на Ајановски што пред присутните го презентираше актерката Кристина Атанасова Арсова.<br><br>Авторот Доне Донев ја истакна грандиозноста на ликот на Малина Попиванова, којашто се борела за правото и правдата на работникот и на работничката класа и која во секоја прилика и на секое место гласно изговарала дека е Македонка, родена во Кочани.<br><br>Извадоци од книгата „Прилози кон животот и дејноста на Малина Попиванова“ читаше актерот Страшко Милошевски.<br><br>Издавач на делото е печатницата „Европа 92“.</td></tr>
<tr><td></td><td>„Заедно ставаме крај на насилството врз жени и девојки“</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| <br> | Во рамките на кампањата „Заедно ставаме крај на насилството врз жени и девојки“, на 24 декември во Кочани, Здружението „Еднакви за сите“ во соработка со Општина Кочани одржа средба со граѓанки од Кочани.<br><br>Присутните имаа можност да се информираат за достапните сервиси за поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство на локално и на национално ниво, за формите на насилство, а се дискутираше за постоечките механизми и се даваа предлози за подобрување на заштита и превенција од родово базираното и семејното насилство.<br><br>Кампањата „Заедно ставаме крај на насилството врз жени и девојки“ се спроведува во рамки на проектот „Поддршка на жените и девојки Ромки во спречување на родово базираното насилство“, која од 25 ноември до 25 декември се реализираше со поддршка на УНТФ. |
| <br> | **Работен состанок на градоначалникот Папазов со заменик-министерот Неждет Мустафа и претставници на ЕВН КЕЦ – Кочани**<br><br>Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов одржа работен состанок со заменик-министерот за односи меѓу заедниците Неждет Мустафа и со директорот на ЕВН КЕЦ – Кочани Стојан Марков, на кој се разговараше за олеснителните можности за приклучок и исплата на електричната енергија на локации во Кочани каде што е констатирано неопходно подобрување на квалитетот на услугите за користење електрична енергија, особено во однос на стабилноста, квалитетот и сигурноста во дистрибуцијата.<br><br>Претставниците на ЕВН – Кочани информираа за моменталната состојба и фазата на реализација на планот за развој на електричниот дистрибуциски систем за КЕЦ Кочани, согласно развојниот план за периодот 2021 – 2025.<br><br>Во присуство на членот на Советот на Општина Кочани Аки Акиов и на претседателот на УЗ 4 Бејсим Шакиров се презентираа предлози за изнаоѓање решенија за подобрување на електричното напојување на краткорочен и долгорочен план на неколку улици во Кочани.<br><br>Работниот состанок е во рамките на постапувањето на Општина Кочани по донесена одлука од Советот за финансиска поддршка на семејствата во социјален ризик во Старата касарана. |
| | **„Музичката работилница на Дедо Мраз“ – Новогодишен концерт на ООМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани** |







Во салата на Центарот за култура „Бели мугри“ во Кочани, Основното музичко училиште „Ристо Јуруков“ од Кочани го заокружи 23. издание на Новогодишниот концерт, годинава под наслов „Музичката работилница на Дедо Мраз“.

Учесниците организирани во хорови и оркестри изведоа класични и популарни дела со новогодишни и божиќни мотиви.

Под покровителство на Општина Кочани, со спонзорство на „ИНТ-груп“ и со поддршка од наставниците, родителите, граѓаните и повеќе општествено одговорни компании, беше упатена прекрасна празнична честитка.

Училиштето „Ристо Јуруков“ е првото основно музичко училиште во државата, кое во 2000 година самоиницијативно ја почна традицијата за организирање новогодишен концерт во ваков масовен формат, ширејќи ја на тој начин музичката култура и мотивирајќи ги најмладите за музичко образование и воспитание.



**По повод претстојните празници – настапи на Детската градинка „Павлина Велјанова“ во Градскиот парк во Кочани**

Во пресрет на новогодишните и божиќните празнувања, денеска во Градскиот парк во Кочани децата и учителките од Детската градинка „Павлина Велјанова“ прикажаа музички точки и театарска претстава.

Новогодишното хорче составено од деца од големата група од објектот „Ѕвездички“ испеа неколку новогодишни песни, а учителките од објектот „Цветови“ ја изведоа претставата „Нова година иде, што ли ќе биде?“.

Претпразничните содржини на градинката „Павлина Велјанова“ ги следеа ученици од основни училишта во Кочани.

**Внимателно во сообраќајот за време на празниците**

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Кочани, Одделението за внатрешни работи – Кочани и Општина Кочани спроведоа акција со која ги потсетија учесниците во сообраќајот, посебно возачите на моторни возила на соодветното однесување во претстојните празници.

| | |
|---|---|
| <br> | Летоци со едукативни и информативни сообраќајни пораки беа поделени на учесниците во сообраќајот на повеќе локации во Кочани.<br><br>Надлежните служби предупредуваа на неопходното носење зимска опрема и даваа препораки за олеснување и проверка на возилата во зимски услови.<br><br>За време на новогодишните празници се препорачува да не се употребуваат автомобилите ако тоа не е неопходно, да се вози одговорно и да се почитуваат правилата за ограничување на брзината, а посебно се акцентираше препораката: ако возиш не пиј алкохол! |
|  | **Во тек е асфалтирањето на улицата „Борис Трајковски“**<br><br>Се асфалтира улицата „Борис Трајковски“, со што привршува нејзината рехабилитација во должина од 785 м.<br><br>Градежните активности опфатија и реконструкција на тротоарите од двете страни со поставени нови улични рабници. При уредувањето на пешачката површина беше поставена подземна електрична инсталација.<br><br>Изведувач на работите е градежната фирма „Ескаваторе“, надзор – „Геинг“, а инвеститор е Министерството за транспорт и врски, со средства од Светска банка. |
|  | **Заврши рехабилитацијата на железничкиот премин кај Подлог**<br><br>Општина Кочани и ЈП Македонски железници ја завршија рехабилитацијата на горниот строј на пругата Велес – Кочани, на патниот премин кај Подлог. Со цел да се олесни минувањето на возилата, да се зголеми безбедноста и да се забрза протокот на сообраќајот, Општина Кочани изведе и градежни работи за негово проширување.<br><br>Претходно се рехабилитираа и се модернизираа премините преку железничката пруга кај Основниот суд на ул. „Никола Карев“ и кај Ветеринарната станица, на дел од ул. „Лазар Андонов“ во Кочани.<br><br>Поради големата фреквенција на сообраќај на овој потег, се повикуваат учесниците во сообраќајот да бидат внимателни и претпазливи. |





**Дваесет и тројца стипендисти на Општина Кочани ги потпишаа договорите за користење на стипендијата**

Дваесет и тројца студенти од Кочани денеска ги потпишаа договорите со Општина Кочани за користење на општинска стипендија за академската 2024/2025 година.

Градоначалникот на Општина Кочани, Љупчо Папазов им ги додели договорите на студентите при што им посака успех во понатамошното студирање.

– Се надеваме дека општинската стипендија е добра мотивација и поддршка за да постигнувате натамошни успеси во вашето студирање. Стипендирањето од Општина Кочани ви овозможува да бидете дел од потенцијалните кадри што ќе работат во јавниот или во приватниот сектор, да се пронајдете како поединци, како професионалци во областите во кои се образувате. Сметам дека многу брзо ќе бидете корисни граѓани за Кочани и се надевам дека ќе се присетите на симболичната поддршка што сте ја добиле за време на студирањето – рече во своето обраќање пред студентите градоначалникот Папазов.

Конкурсот беше распишан за 30 студенти на прв циклус студии на јавните високообразовни институции во Македонија. Иако имаше посебни критериуми за користење стипендии за студенти од ромската етничка заедница, за студенти лица со попреченост и со ретки болести, оваа година по тие основи немаше ниедна пријава. Сите доделени стипендии се во категориите на висок успех, медицински науки и од социјално загрозени семејства.

Месечниот износ на општинската стипендија годинава е 3.500 ден. и се издава десет месеци.






**ФА „Љупчо Сантов“ го одржа традиционалниот новогодишен концерт**

На 29 декември 2024 година Фолклорниот ансамбл „Љупчо Сантов“ од Оризари по 23. пат го одржа новогодишниот концерт.

Пред многубројната публика во салата во Оризари, членовите на ФА „Љупчо Сантов“ се претставија со разновидна програма – инструментална изведба на тапани, песни и ора. Премиерно беше изведен фрагмент од орото Малешевка, а концертот заврши со орото Комитска легенда.

ФА „Љупчо Сантов“ – Оризари работи и го негува изворниот фолклор близу 5 децении. Ансамблот има околу



200 членови организирани во групи во Оризари и во Зрновци.

Во 2024 година ФА „Љупчо Сантов“ настапи на многубројни фестивали, манифестации, работилници и на емисии во Македонија и во странство, успешно презентирајќи го изворниот фолклор од Осоговијата.

Покрај добиените благодарници, дипломи и пофалници за учество на домашните и на меѓународните фестивали во 2024 година, ФА „Љупчо Сантов“ освои и награди на фестивалите со натпреварувачки карактер.





**Новогодишни пакетчиња и најубави желби за учениците од кочанските основни училишта**

Ученици од ООУ „Св. Кирил и Методиј“ ја испратија 2024 година со новогодишна дружба со Дедо Мраз и со градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, кој посакувајќи им добро здравје, многу радост и успеси во претстојната 2025 година, им додели пакетчиња.

Во соработка со приватниот сектор, во предновогодишниов период Општина Кочани обезбеди пакетчиња на ученици од одделенска настава од сите основни училишта во Кочани. Општествената одговорност кон најмалите сограѓани на Кочани ја покажаа: КАМ маркет, Коле транс, Автовелт – Офис експрес, Деликатес груп, Амфенол технолоџи Македонија, Аграрко, Електрика и др.

Новогодишната и божиќната програма што ја организира Општина Кочани во Градскиот парк ја спонзорираа: Авто атом, Алекс 3, Алма фешн, Стоименов и ИР Ристови.

На сите компании Општина Кочани им благодари за соработката и на сите граѓани им ги честита новогодишните и божиќните празници.

## СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ



**Советот на Општина Кочани ја одржа 55. седница**

На 4 декември во салата во Мултикултурниот центар, Советот на Општина Кочани ја одржа 55. седница, на која членовите одлучуваа по 30 точки.

Дополнително од најавениот дневен ред, Советот донесе одлука за финансиска поддршка на семејствата во социјален ризик во Старата касарана и го формира Надзорното тело за вршење мониторинг и давање поддршка при реализација на Програмата за јавна чистота и третман на отпад, коешто се состои од 11 члена:



граѓански активисти, членови на Советот на Општина Кочани и претставници од општинската администрација и КЈП „Водовод“.

Советот донесе одлука за измена на распоред на средства и проширување на средствата на Буџетот на Општина Кочани за тековната година, а донесе одлука за учество на Општина Кочани во финансирање на реконструкција на дел од ул. „Бел камен“ во рамките на Проектот за поврзување со локални патишта во Република Северна Македонија.

На 55. седница Советот ги усвои програмите за 2025 година од областа на социјалната, детска и здравствена заштита, од комуналните дејности и урбанизмот.







**56. седница Советот на Општина Кочани ја одржа во два наврата**

56. седница на Советот на Општина Кочани која започна на 19 декември 2024 година година, по усвојувањето на дневниот ред, дополнет со Информација за состојбата на Градската депонија во Кочани, поради немање услови за работа беше прекината. Претседателот на Советот Лазо Митев предложи нејзино продолжение на 23 декември.

На продолжението на 56. седница со 17 гласа беше усвоен заклучокот со кој се задолжува КЈП „Водовод“ – Кочани да ја применува и почитува Одлуката за престанување на донесување и на депонирање комунален отпад од соседните општини Виница, Зрновци, Чешиново-Облешево и од други општини.

Советот ги усвои финансиските планови на општинските основни и средни училишта за 2025 година и побара од Управниот одбор на КЈП „Водовод“ да ја разгледа можноста за намалување на висината на цената за вода за основните и средни училишта и да го информира Советот за тоа.

Советот го усвои финансискиот план на ЈОУДГ „Павлина Вељанова“ за 2025 година и побара износите од по 60.000 денари од двете ставки за патување во странство, да се пренаменат, односно да се додадат во ставката за храна на децата.

Беше усвоен и финансискиот план на ЈОУ Библиотека „Искра“ за 2025 година, Програмите за спорт, култура и за поддршка на образованието, за изменување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици, како и Планот за изменување на Планот на програми за развој на општина Кочани за период 2025 – 2027 година.

| | |
|---|---|
| | На 56. седница Советот донесе одлука за отпочнување со работа на објектот „Детелинки“ во состав на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани. |
| <br> | **Советот на Општина Кочани ја одржа 57. седница**<br><br>Советот на Општина Кочани ја одржа 57. седница, последна во 2024 година.<br><br>Членовите на Советот ги усвоија одлуките за отстапување на трајно управување и користење без надоместок на фотоволтаичните системи на СОУ „Гошо Викентиев“, на КЈП „Водовод“ и на ООУ „Никола Карев“, а го усвоија Интегрираниот локален развоен план на Општина Кочани за периодот 2024 – 2027.<br><br>Расправајќи по предлог-буџетот на Општина Кочани за 2025 година, одлучија 2 милиона денари од ставката за привремени вработувања да се пренаменат за набавка на машина за КЈП „Водовод“, по што го усвоија буџетот за наредната, 2025 година.<br><br>Текстот од годишното обраќање на градоначалникот е објавен на веб-страницата на Општина Кочани. |


**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**